

# Можност за вработување:
# Сметководители

Грант Торнтон, grantthornton.mk, е една од водечките организации во светот составена од независни фирми кои обезбедуваат ревизорски, даночни и советодавни услуги, кои им помагаат на динамичните организации да го поттикнат растот преку широк спектар на професионални услуги.
За нашата канцеларија во Скопје, потребни ни се енергични и проактивни лица и доколку сакате да бидете дел од нашиот тим и да имате долгорочна кариера со можност за просперитет, аплицирајте за позицијата Сметководител.

## Доколку сакате да бидете дел од нашиот тим ви нудиме:

- Пријателска и динамична работна средина, во која можете да ги развивате своите вештини и компетенции
- Нудиме одлични можности со конкурентен пакет за наградување и постојан развој на кариерата за амбициозните кандидати кои имаат желба за напредок.
- Обука и менторство

## Улога во тимот:

- Книжење на финансиската и материјална документација
- Пресметка на ДДВ, данок на добивка и персонален данок
- Пресметка на плати
- Плаќање на налози
- Изготвување на фактури
- Управување со готовинските текови
- Останати сметководствени активности во согласност со сметководствените стандарди и принципи, како и со сите релевантни закони и прописи
- Уредно водење на документацијата во согласност сметководствените стандарди
- Комуникација со сите релевантни државни институции

## Потребни квалификации и компетенции:

- Универзитетска диплома од Економски факултет
- Уверение за сметководител / Овластен сметководител ќе се смета за предност
- Без и со работно искуство од 3 до 5 години во професионална средина
- Познавање на деловен англиски јазик, усно и писмено
- Познавање на Microsoft Office и развиени компјутерски вештини
- Одлични комуникациски и меѓучовечки односи
- Демонстрирање на цврста работна етика
- Способност за филтрирање информации и проценка на приоритети
- Одржување на добри работни односи со владините институции и агенции
- Способност за одржување дискреција при справувањето со доверливи или осетливи работи
- Самодоверба и способност за работа по своја иницијатива и со ограничен надзор

Изберете го Грант Торнтон, затоа што вашиот професионален и личен успех е наша заложба, аплицирајте со испраќање на ваша кратка биографија на Careers@mk.gt.com најдоцна до 30.01.2024 година и станете дел од семејството на Грант Торнтон.

Напоменуваме дека ќе бидат контактирани само кандидатите кои ќе влезат во потесниот круг на избор. Грант Торнтон е работодавач со еднакви можности за сите.

Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост.